Средби по војните, Македонија Денес, Скопје, 22.9.1999


Посавски музеј - Брежице

**УМЕТНИЦИТЕ ОД ПОРАНЕШНИТЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ ПРОСТОРИ, ВО БРЕЖИЦЕ**

# Средби по војните

Делата на 16-те уметници од просторите на некогашна Југославија, кои минатата недела создаваа на ликовната колонија во словенечкото градче Брежице, до крајот на месецов ќе бидат изложени во брежичкиот Посавски музеј. "Оваа колонија постои подолго време, меѓутоа, прв пат, годинава, беше конципирана на ваков начин" вели уметничката Искра Димитрова, единствениот учесник од Македонија. "Не ги гледам уметниците затруени од било каков аспект. Како да не се случило тоа што се случило. Во заеднички разговор, на иста маса седеа и двајца уметници што ги изгубиле синовите во последните балкански војни. Сепак, сега, сите на својата земја, ги видов некако ослободени од сите предрасуди" вели Димитрова.

На брежичката ликовна колонија, Искра ја изработе видео - инсталацијата "Кој ти кажа дека си гол (Стар Завет)". "Станува збор за некакво продолжување на мојот проект за изложбата Нарцизми. Овој пат беше проектиран документарен материјал на кој плачам, на црна хартија, така што се добива специфичен портрет - фотографија во движење" го објаснува Димитрова својот проект. "Проекцијата е поставена во една атмосфера на осаменост и изолираност на единката од другиот свет. Станува збор за психичко соголување, при што се користи парадокс на цитирањето од Библијата (насловот на проектот е иронија на зборовите со кои Господ го брка Адам од рајот). И ова дело ја содржи онаа самоиронична црта, карактеристична за целото мое творештво".